ПП бр: 09-32/

Врз основа на член 28 став (2) и член 30 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.208/24 и 16/25, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски и Никола Трајчевски – членови, постапувајќи во постапка поведена по службена должност, со заклучок ПП бр.09-32/1 од 21.02.2025 година, против Сојуз на Стопански Комори на Македонија, со седиште на ул.„Црвена Скопска Општина“ бр.10, Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од полномошници: адвокат Димитар Панчевски и адвокат Александар Гичев, а заради сторен прекршок од член 61 став (1) точка 10) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седница одржана на 23.05.2025 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1.Во постапка поведена по службена должност, со заклучок ПП бр.09-32/1 од 21.02.2025 година, против Сојуз на Стопански Комори на Македонија, со седиште на ул.„Црвена Скопска Општина“ бр.10, Скопје, со ЕМБС 05899524, ЕДБ 4030004520115, жиро-сметка бр.210058995240121 депонент НЛБ Банка АД Скопје застапуван од од полномошници: адвокат Димитар Панчевски и адвокат Александар Гичев, заради давање на неточни, нецелосни податоци и податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата **утврди дека** Сојуз на Стопански Комори на Македонија, **сторила прекршок од член 61 став (1) точка 10) од Законот за заштита на конкуренцијата**.

2. За сторениот прекршок од точка 1 од ова решение **на сторителот:**
- Сојуз на Стопански Комори на Македонија, со седиште на ул.„Црвена Скопска Општина“ бр.10, Скопје, му се изрекува глоба во износ од 100.000,00 денари, што претставува приближно XXX%, од вредноста на вкупниот годишен приход на Сојуз на Стопански Комори на Македонија остварен во 2024 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

3. Глобата од точка 2 од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Северна Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) со заклучок бр.09-15/1 од 07.02.2025 година, врз основа на член 41 (прибавување докази на лице место) му наложи на Сојуз на Стопански Комори на Македонија (во натамошниот текст ССКМ) на овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренција да им овозможи непречено вршење на дејствијата од член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата. За извршените дејствија на ден 07.02.2025 година беше составен записник бр.09-15/2, уредно потпишан од овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата и од Сузана Јаневска извршен директор на ССКМ.

Дополнително, КОП со заклучок бр. 09-15/7 од 11.02.2025 година, врз основа на член 41 му наложи на ССКМ на овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренција да им овозможи непречено вршење на дејствијата од член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата. За извршените дејствија на ден 11.02.2025 година беше составен записник бр.09-15/8, уредно потпишан од овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата, од Сузана Јаневска извршен директор на ССКМ и Сашо Дуковски потпретседател на ССКМ и претседател на Трговска комора при ССКМ.

Со Заклучок ПП бр.09-32/1 од 21.02.2025 година КОП поведе прекршочна постапка против Сојуз на Стопански Комори на Македонија, заради давање на неточни, нецелосни податоци и податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на Записник бр.09-15/2 од 07.02.2025 и Записник бр.09-15/8 од 11.02.2025, што претствува прекршок од член 61 став (1) точка 10) од Законот за заштита на конкуренцијата.
Наведениот заклучок со допис бр.09-32/2 од 21.02.2025 година беше доставен до ССКМ.

На ден 04.03.2025 година со допис (наш бр. 09-32/3) ССКМ достави одговор на заклучокот за поведување на постапка.

На ден 05.03.2025 година со допис (наш бр. 09-32/4) ССКМ достави дополна на одговор на заклучокот за поведување на постапка (полномошно).

Во произнесувањето по Заклучокот за поведување на прекршочна постапка доставено до КОП на 04.03.2025 година ССКМ не го негира горенаведеното двање на неточни и нецелосни изјави од Сузана Јаневска и Сашо Дуковски. ССКМ наведува дека станало збор за несакано недоразбирање при давање на одговори на овластените лица од Сузана Јаневска и Сашо Дуковски. Дополнително во произнесувањето се наведува дека КОП треба да ја има во предвид соработката на претставниците на ССКМ за време на прибавување на докази на

лице место односно дека на службените лица им бил овозможен целосен увид во електронската пошта koordinator@sojuzkomori.org.mk.

КОП на ден 12.03.2025 година донесе прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-32/5. Прелиминарното извеестување беше доставено со пропратно писмо ПП бр.09-32/6 од 12.03.2025.
Со допис наш ПП бр.09-32/7 од 27.03.2025 година ССКМ се произнесе по прелиминарното известување.
Во произнесувањето по прелиминарното известување ССКМ повторно наведува дека во конкретниот предмет станува збор за несакано недоразбирање при давање на одговори на овластените лица од Сузана Јаневска и Сашо Дуковски бидејќи вработените ги давале одговорите, во за нив невообичаени околности и истите немале никаква намера или умисла да ја попречат работата на Комисијата. Дополнително во произнесувањето се наведува дека КОП треба да ја има во предвид соработката на претставниците на ССКМ за време на прибавување на докази на лице место односно дека на службените лица им бил овозможен целосен увид во електронската пошта koordinator@sojuzkomori.org.mk. Во произнесувањето ССКМ исто така наведува дека претставниците на ССКМ биле под стрес и збунетост и дека не постоела намера да се даваат нецелосни или неточни информации.

КОП на ден 03.04.2025 година со допис бр.09-32/8 од Централниот регистар побара доставување нса Биланс на приходи и расходи за 2024 година за ССКМ.

Со допис бр.09-32/9 од 29.04.2025 година Централниот регистар достави одговор.

КОП на ден 30.04.2025 година донесе конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-32/10. Конечното извеестување беше доставено со пропратно писмо ПП бр.09-32/11 од 30.04.2025.
Со допис наш ПП бр.09-32/12 од 12.05.2025 година ССКМ се произнесе по конечното известување.

**Врз основа на анализа на доставените податоци и документи КОП во досегашната постапка по предметот, ја утврди следната фактичка состојба:**

Врз основа на Заклучок бр.09-15/1 од 07.02.2025 година на КОП, службените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 07.02.2025 година во просториите на ССКМ извршиле дејства од член 41 од Законот за што бил составен записник бр.09-15/2, уредно потпишан од овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата и од Сузана Јаневска извршен директор на ССКМ.

Дополнително, врз основа на КОП со заклучок бр. 09-15/7 од 11.02.2025 година на КОП , службените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 11.02.2025 година во просториите на ССКМ повторно извршиле дејства од член 41 од Законот за што бил составен записник бр.09-15/8, уредно потпишан од овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата, од Сузана Јаневска извршен директор на ССКМ и Сашо Дуковски потпретседател на ССКМ и претседател на Трговска комора при ССКМ.

Дејствијата преземени согласно член 41 од Законот биле извршени со цел КОП да утврди дали имало постапување спротивно на член 7 од Законот, а кои постапувања претставуваат евентуален прекршок од член 59 од Законот. Имено КОП од медиумите дојде до сознание дека во ССКМ како здружение на претпријатија, бил организиран и одржан состанок со претставници на малопродажни синџири на кои било договорено помеѓу сите малопродажни синџири да не примаат нови ценовници минимум до крајот на првиот квартал оваа година. Ваков договор помеѓу претпријатија може да претставува ограничувачки договор кој е забранет со член 7 од Законот.

На записникот од 07.02.2025 година на прашање на службените лица кога бил одржан состанокот со претставници на малопродажните ланци и локалните клучни партнери, кои се спомнуваат во сопштението за јавност дадено од ССКМ овластеното лице Сузана Јаневска, истакнала дека не била вклучена на состанокот, дека состанокот го одржал Сашо Дуковски, за кој Сузана Јаневска ги известила службените лица дека истиот во моментот не е во ССКМ, дека го контактирала телефонски и и дал насока дека неможе да присуствува на увидот бидејќи има други состаноци, како и дека и посочил да ги извести службените лица да дојдат во понеделник (10.02.2025 година) да ја прибават потребната документација која службените лица ја бараат согласно Заклучокот за прибавување на документација на лице место.
Дополнително на наведениот записник Сузана Јаневска изјавила дека незнае дали некој од вработените во ССКМ вршел административна подршка (закажување на состанокот, присуствување на состанок, водење записник на состанокот и сл) на Сашо Дуковски во врска со спорниот состанок. На барање на службените лица да им се достават докази за начинот на закажување на спорниот состанок и кој бил присутен на истиот, а на кој се однесува соопштението за јавност, Сузана Јаневска изјави дека истиот го закажувал Сашо Дуковски.

Од изјавата на Ристо Шехтански – главен менаџер за набавки во КАМ ДОО Илинден, со седиште на ул.„35“ бр.39, Илинден дадена на записник бр.09-15/5 од 10.02.2025 година кој присуствувал на спорниот состанок во ССКМ видно е дека истиот изјавил дека состанокот се одржал во среда на 05.02.2025 година, врз основа на покана добиена телефонски од Сузана Јаневска – извршен директор на ССКМ, како и дека тој (Ристо Шехтански) присуствувал на состанокот, кој го водел Трајан Ангелоски претседател на ССКМ, а присуствувале и Сузана Јаневска извршен директор и Сашо Дукоски потпреседател на ССКМ. Ристо Шехтански изјавил дека на состанокот присуствувале и претставници од Тинекс, Рептил и Веро.

Дополнително од изјавата на Владимир Тодоровиќ, управител на Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул.„Васил Ѓоргов“ бр.16-1/мансарда 1, Скопје дадена на записник бр.09-15/11 од 13.02.2025 година кој присуствувал на спорниот состанок, видно е дека истиот изјавил дека на состанокот бил поканет од Сашо Дуковски од ССКМ, на состанокот присуствувале преставници од Веро, Кам и Рептил, а биле присутни и Трајан Ангеловски - претседател на ССКМ, Сашо Дуковски – претседател на Трговска комора и подпретседател на ССКМ и Сузана Јаневска – извршен директор на ССКМ.

**Од наведените изјави на Ристо Шехтански и на Владимир Тодоровиќ дадени на горенаведените записници видно е дека:**

- **неточна е изјавата на Сузана Јаневска дека не била присутна на спорниот состанок и дека**
- **неточна е изјавата на Сузана Јаневска дека не била вклучена на спорниот состанокот, дека не знае дали некој од вработените во ССКМ вршел административна подршка (закажување на состанокот, присуствување на состанок итн.).**

На записникот од 11.02.2025 година на прашање на службените лица кога бил одржан состанокот со претставници на малопродажните ланци, кој ги организирал, со која цел и кој се бил присутен, Сашо Дукоски појаснил дека средбата била со претставници на малопродажни ланци, и истата е одржана на 05.02.2025 година во просториите на ССКМ, средбата била закажана како неформална средба со лични познаници на Сашо Дукоски со неколку супремаркети и на неа присуствувале: Владимир Тодоровиќ од Тинекс, Ристо Шехтански од КАМ Маркет, Петар Денковски од Веро (Веропулос) и Даница Блажевска од Рептил, а од ССКМ на состанокот присуствувал само Сашо Дукоски. Саш Дукоски на записникот изјаил дека наведените лица на средбата биле поканети лично од Сашо Дукоски, бидејќи му биле познаници и сакал да се информира за случувањата во моментот поради многу различни информации кои се пласираат во јавноста преку медиумите и социјалните мрежи.

**Од изјавите на Ристо Шехтански и на Владимир Тодоровиќ дадени на горенаведените записници видно е дека:**

- **<u>неточна е изјавата на Сашо Дуковски дека на состанокот од ССКМ присуствувал само тој, како и дека на состанокот присутните лица ги поканил лично. Имено видно од наведените изјави на Шехтански и Тодоровиќ на состанокот биле присутни и</u> Трајан Ангеловски - Претседател на ССКМ Сузана Јаневска извршен директор на ССКМ, а Сузана Јаневска телефонски повикала претставник од КАМ ДОО на состанокот.**

На прашање на службените лица упатено до Сузана Јаневска – извршен директор на ССКМ, дали по електронска пошта до ССКМ стигнало известување од учесниците на состанокот по состанокот, истата на записникот од 11.02.2025 изјавила дека стигнала само една електронска пошта од Ристо Шехтански од КАМ маркет во среда 05.02.2025 година во 14:19 часот, при што им е даден принт скринт на службените лица. На барање на службените лица направен е увид во електронската пошта koordinator@sojuzkomori.org.mk до кој има пристап Сузана Јаневска при што службените лица констатирале дека на истиот се наоѓа и друга електронска комуникација со учесниците на состанокот. Сузана Јаневска на записникот појаснила дека дошло до недоразбирање, односно истата разбрала дека службените лица бараат електронска комуникација по објавување на соопштението за јавност.
На службените лоица им било овозможено на нивно барање да извршат увид во електронската пошта koordinator@sojuzkomori.org.mk при што службените лица прибавиле електронски пораки за кои тие сметале дека се релевантни.

Електронската пошта од Ристо Шехтански од КАМ маркет во среда 05.02.2025 година во 14:19 часот од која им бил даден принт скрин на службените лица во ССКМ е пратена од Ристо Шехтански на 05.02.2025 во 14:19 часот и од нејзината содржина е јасно дека истата е испратена пред да се достави известувањето до јавноста (во електронската пошта Ристо Шехтански бара увид во податоци и методологија на пресметка со цел да може да даде согласност со соопштението), па оттука е неприфатливо објаснувањето на Сузана Јаневска, дека дошло до недоразбирање, односно истата разбрала дека службените лица бараат електронска комуникација по објавување на соопштението за јавност. Имено по проверка на електронската пошта koordinator@sojuzkomori.org.mk до кој има пристап Сузана Јаневска службените лица прибавиле:

- Електронска комуникација испратена од koordinator@sojuzkomori.org.mk до Трајан и Сашо на 06.02.2025 во 07:25
- Електонска порака од Тодоровиќ Тинекс испратена до Петра Денковски до koordinator@sojuzkomori.org.mk и до Ристо Шехтански на 05.02.2025 во 20:28
- Електронска порака од Тодоровиќ Тинекс до Ристо Шехтански,Петар Денковски и до koordinator@sojuzkomori.org.mk од 07.02.2025 во 19:05
- Електронска порака од Петар Денковски до koordinator@sojuzkomori.org.mk, Тодоровиќ и Ристо Шехтански од 05.02.2025 во 16:36
- Електронска порака од Ристо Шехтански до koordinator@sojuzkomori.org.mk и Марија Ружинска од 05.02.2025 во 14:19
- Електронска порака од koordinator@sojuzkomori.org.mk до Сашо Сигма и Трајан од 06.02.2025 во 07:25
- Електронска порака од koordinator@sojuzkomori.org.mk до Сашо Сигма оод 05,02.2025 во 14:21
- Електронска порака од koordinator@sojuzkomori.org.mk до Тодоровиќ Шехтански и Денковски од 05.02.2025 во 14:09 со прилози
- Електронска порака од koordinator@sojuzkomori.org.mk до Шехтански од 05.02.2025 во 14:36

**Согласно горенаведената електронска комуникација, изјавата дадена од Сузана Јаневска дека по електронска пошта до ССКМ е стигнато само едно известување од учесниците на состанокот по состанокот, (од Ристо Шехтански од КАМ маркет во среда 05.02.2025 година во 14:19 часот) е неточна и нецелосна.**

На прашање на службените лица дали после одржаниот состанок некој од присутните на состанокот доставил електронска пошта или било какво известување до Сашо Дукоски во врска со состанокот, истиот на записникот од 11.02.2025 изјави дека не добил никакво известување.

**Ваквата изјава на Сашо Дуковски е неточна бидејќи видно од горенаведената електронската комуникација до Сашо била доставена:**

- електронска порака од koordinator@sojuzkomori.org.mk до Сашо од 05.02.2025 во 14:21 **(во кој има претходна комуникација од Ристо Шехрански која комуникација се однесува на одржаниот состанок) и**
- **електронска пошта испратена од koordinator@sojuzkomori.org.mk до Трајан и Сашо на 06.02.2025 во 07:25 (во кој има претходна комуникација од електронска пошта од XXX@vero.com.mk, која комуникација се однесува на одржаниот состанок).**

Горенаведените неточни и нецелосни изјави дадени од Сузана Јаневска и Сашо Дуковски на записниците од 07.02.2025 и 11.02.2025 година ја доведуваат во заблуда КОП во однос на тоа кој го организирал и кој присуствувал (а согласно на тоа и кој има информации за она што се дискутирало на состанокот) на состанокот, а кои се од значење за утврдување на евентуално постоење на договор забранет согласно член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Врз основа на се погоре наведено, од анализа на прибавените податоци и документи во текот на постапката, КОП утврди дека на записник бр.09-15/2 од  07.02.2024 година и на записник бр.09-15/8 од 11.02.2025 година претставници на ССКМ  дале неточни и нецелосни изјави, кои изјави ја доведуваат КОП во заблуда што претставува пркршок од член 60 став (1) точка 10) од Законот.

КОП го имаше во предвид произнесувањето на ССКМ по заклучокот за поведување прекршочна постапка и прелиминарното известување и конечното известување за утврдување фактичка состојба. Во однос на овие произнесувања КОП уште еднаш потенцира дека овластените лица од Комисијата извршиле прибавување на докази на лице место во просториите на ССКМ двапати, односно на 07.02.2025 и на 11.02.2025 година. Дополнително извршеното прибавување на докази на лице место на 11.02.2025 година беше на барање на претставниците на ССКМ бидејќи на 07.02.2025 година лицето Сашо Дуковски не можело да присуствува.  На 07.02.2025 година на претставникот на ССКМ точно му било предочено кои информации и докази ги бараат службените лица, па така од 07.02.2025 година до 11.02.2025 година претставниците на ССКМ имале доволно време да размислат и да се посетат кој го организирал спорниот состанок, кој бил присутен, за што се разговарало и каква комуникација имало по завршувањето на состанокот. Дополнително ниту по прибавувањето на докази на лице место на 07.02.2025 ниту по 11.02.2025 претставниците на ССКМ не ги корегираа/дополнија своите изјави кои ги дале на соодветните записници.

Имајќи го во предвид горенаведеното, во постапка поведена по службена должност, со заклучок ПП бр.09-32/1 од 21.02.2025 година, против Сојуз на Стопански Комори на Македонија, со седиште на ул.„Црвена Скопска Општина“ бр.10, Скопје,  застапуван  од од полномошници: адвокат Димитар Панчевски и адвокат Александар Гичев, заради давање на неточни, нецелосни податоци и податоци кои можат да ја доведат во заблуда КОП, КОП **утврди дека** Сојуз на Стопански Комори на Македонија,  **сторил прекршок од член 61 став (1) точка 10) од Законот за заштита на конкуренцијата**.

Согласно член 61 став (1) точка 10) од Законот, КОП, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1%  од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година,  изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако  овластено лице или друг вработен даде неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда КОП во смисла на член 41 став (1) точка 7 од Законот .

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот

При изрекување на глобата на  ССКМ, КОП тргнува од вредноста на вкупниот годишен приход на ССКМ, соодветно остварен во 2024 година, како последна деловна година за која истиот има составено годишна сметка.

Вкупно остварените приходи на ССКМ во 2024 година, како последна деловна година за која ССКМ има составена годишна сметка изнесуват XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX%, од приходите на ССКМ остварени во 2024 година па оттука  износот на глобата го утврдува во висина од 100.000 денари.

Заради сето горе наведено КОП одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р Борче Размоски**